Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-428
obrazovanie@kiselavoda.gov.mk

Врз основа на Програмата од надлежност В – предучилишно воспитување од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2026 година бр. 09-12004/34 од 30.12.2025 година, со која се предвидени средства за субвенционирање на целодневниот престој на деца од семејства во социјален ризик во Јавните детски градинки на територијата на Општина Кисела Вода, како и согласно Правилникот за постапката и начинот за субвенционирање на целодневниот престој на деца од семејства во социјален ризик во јавните детски градинки на подрачјето на Општина Кисела Вода бр. 09-1050/21 од 09.02.2024 година и измената и дополна на Правилникот за постапката и начинот на субвенционирање на целодневниот престој на деца од семејства во социјален ризик во јавните детски градинки на подрачјето на Општина Кисела Вода бр. 09-1610/11 од 26.02.2026 година, Општина Кисела Вода објавува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-2425/3
12.[illegible].2026 год.

# ЈАВЕН ПОВИК

за

## Субвенционирање на целодневниот престој на деца од семејства во социјален ризик во Јавните детски градинки во општина Кисела Вода

Општина Кисела Вода со цел да им излезе во пресрет на социјално ранливите семејства од подрачјето на Општина Кисела Вода, кои имаат деца што посетуваат јавни детски градинки на територијата на Општина Кисела Вода, објавува јавен повик со кој ќе се ќе овозможи ослободување од плаќање на партиципацијата за целодневниот престој за време на користењето на услугата, за згрижување и воспитание на децата.

**I Правото за субвенционирање, согласно Правилникот за постапката и начинот на субвенционирање на целодневниот престој на деца од семејства во социјален ризик во јавните детски градинки на подрачјето на Општина Кисела Вода, може да го остварат следните категории на социјално ранливи семејства:**

- Деца од еднородителски семејства и самохрани родители;
- Деца сместени во згрижувачко семејство, деца под старателство;
- Деца без родители и родителска грижа;
- Деца од семејства корисници на гарантирана минимална помош;
- Деца од семејства со ниски приходи (материјално-необезбедени семејства), односно семејства чии вкупни месечни приходи не го надминуваат износот на минималната плата по вработен;

- Деца од многудетни смејства – семејства со три или повеќе деца согласно дефинициите и одредбите утврдени со Законот за социјална заштита.

II. Потребни услови и документација:

а) Барање за субвенционирање на целодневниот престој на деца од семејства во социјален ризик во Јавните детски градинки во општина Кисела Вода ( може да се подигне од архивата на Општина Кисела Вода)

б) Изјава за обработка на лични податоци (Со оваа изјава се потврдува дека сите лични податоци кои се прибираат, обработуваат и чуваат ќе бидат користени исклучиво за намените за кои се доставени и во согласност со важечките законски прописи за заштита на личните податоци)

Кон барањето, подносителот е должен да ја поднесе следната документација:

Доказ за жителство во Општина Кисела Вода ( фотокопија од лична карта на родител/старател);

- Извод на матична книга на умрени (за деца со починат родител);
- Пресуда за развод на брак ( деца од разведени родители) ;
- Извод од матична книга на родени за сите деца (за многудетни семејства);
- Потврда- решение за корисници на гарантирана минимална помош;
- Доказ дека вкупните месечни приходи на семејството не го надминуваат износот на минималната нето плата по вработен (изјава заверена на нотар ) ;
- Потврда-решение за деца сместени во згрижувачко семејство, ставени под старателство, деца без родители и родителска грижа ;
- Потврда дека детето е запишано во некоја од градинките – за учебната 2025/2026;

Потребната документација се доставува во затворен плик преку Архивата на Општина Кисела Вода до Комисијата за спроведување на постапката од член 4 од Правилникот за постапката и начинот на субвенционирање на целодневниот престој на деца од семејства во социјален ризик во јавните детски градинки на подрачјето на Општина Кисела Вода

## III. Начин на реализација на јавниот повик и рок за пријавување

Јавниот повик се објавува на интернет страницата на Општина Кисела Вода и на огласна табла во јавните детски градинки на територијата на Општина Кисела Вода. Јавниот повик трае 5 (пет) работни дена, од денот на објавувањето.

По завршувањето на рокот за пријавување, Комисијата е должна да направи избор и селекција на пристигнатите апликации кои ги исполнуваат условите и за истото да направи записник, кој заедно со предлог одлука го доставува до градоначалникот, кој носи Решение за субвенционирање на целодневниот престој на деца од семејства во социјален ризик во јавните детски градинки во општина Кисела Вода.

Листата на баратели кои ги исполнуваат условите се објавува на општинската веб страница и на огласната табла на јавните детски градинки.

Средствата за субвенционирање ќе бидат исплатени на жиро сметка на јавните детски градинки.

Општина Кисела Вода при прибирање и обработка на потребната документација, ќе се придржува на одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

**Ненавремени и некомплетни барања нема да бидат предмет на разгледување.**

**Комисија за субвенционирање на целодневниот**

**престој на деца од семејства во социјален ризик**

**во Јавните детски градинки на територија на Општина Кисела Вода,**

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-428**
**obrazovanie@kiselavoda.gov.mk**

# Барање

## за субвенционирање на целодневниот престој на деца од семејства во социјален ризик во Јаните детски градинки на подрачјето на Општина Кисела Вода

1. Податоци за подносителот на барањето

Од______________________________________со ЕМБГ___________________________________ адреса на живеење__________________________________________ и контакт телефон ___________________________

2. Кон барањето ја поднесувам следната документација:
   - Доказ за жителство на подрачје на Општина Кисела Вода (копија од лична карта на родителот/старателот).
   - Копија од извод на матичната книга на умрени (деца со починат родител).
   - Копија од извод на матичната книга на родените за сите деца.
   - Копија од пресуда за развод на брак (деца од разведени родители).
   - Копија од потврда-решение за корисници на гарантирана минимална помош.
   - Копија потврда-решение за деца сместени во згрижувачко семејство, ставени под старателство, деца без родители и родителска грижа.
   - Копија од потврда дека детето е згрижено во некоја јавна градинка на подрачје на Општина Кисела Вода.
   - Копија од склучен договор за целодневен престој на детето во јавна детска градинка на подрачје на Општина Кисела Вода.
   - Изјава дека вкупните месечни приходи на семејството не го надминуваат износот на минималната детио плата по вработен (изјава заверена на нотар-оргинал)
   - Изјава за согласност за користење на личните податоци.

Место: ________________

Датум:________________

Барател

_________________________________

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-428**
**obrazovanie@kiselavoda.gov.mk**

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-428**
**obrazovanie@kiselavoda.gov.mk**

# Изјава
за согласност за користење на личните податоци

Јас_______________________________________________________________

Врз основа на член 6 од Законот за заштита на лични податоци (Службен весник бр.7/2005, 103/2008, 124/2010, 135/2011, 17/2025 и 132/2025 ), со оваа изјава ја изразувам својата согласност за обработка и чување на моите лични податоци во архивата на лични податоци од страна на Општина Кисела Вода.
Согласноста за обработка изразена погоре ги вклучува и следните лични податоци: име и презиме, датум на раѓање, матичен број, адреса на живеење и контак телефон.

Со ова потврдувам дека сум известен/а за моето право на:
* Пристап и примена на моите лични податоци.
* Оправдано барање во писмена форма за блокирање на обработка на моите лични податоци поради посебна причина/ситуација, како и тоа дека давањето на моите лични податоци е доброволно.
* Го задржувам правото во секое време повлекувањето на согласноста да го дадам писмено или во која било друга форма.

Оваа изјава ја давам доброволно.

Место: ________________

Датум:________________

Изјавил:
________________

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-428**
**obrazovanie@kiselavoda.gov.mk**

# Изјава

за согласност за користење на личните податоци

Јас_________________________________________со ЕМБГ_____________________________________
Број на лична карта___________________издадена од МВР-____________ и адреса на живеење__________________________________________________________

Под целосна и морална , магтеријална и кривична одговорност изјавувам дека вкупните месечни приходи на семејството не го надминуваат износот на минималната плата по вработен во семејството.

Место: __________________

Датум:__________________

Изјавил:

__________________